Големината на еден револуционерен чин не се мери само со квантумот на онаа енергија што ја ослободува во мигот кога започнува или додека се остварува, туку и со оние неслутени можности што ќе ги реализира утре. Неговото револуционерно значење

59.

101

во тие скриени мож-

ќе се дефинираат,

лат од оној историски

на долга револуционер-

кој човекот што го

1. Ц. „Големината на еден револуционерен чин"

Рец. по повод Прифаќата изложба на сликата АСНОМ монументалис 2 1,

зрелоста на еден

ативната моќ на еден

ше ни да помисли

создаваат такви

прифати како дости-

ен вруток.

и нашиот одговор,

збежно парцијален),

обично го именуваме

асни дефинитивно.

ките импулси чиј

чија енергија носи

бараме во онаа борба,

а што означуваат

ковото постоење.

Големината на еден револуционерен чин не се мери само со квантумот на онаа енергија што ја ослободува во мигот кога започнува или додека се остварува, туку и со оние неслутени можности што ќе ги реализира утре. Неговото револуционерно значење и се содржи токму во таа историска перспектива, во тие скриени можности што ќе се насетат, но тешко и поодредено ќе се дефинираат, барем не во моментот на револуционерната објава.

Само дваесет и пет години не делат од оној историски чин што го доживуваме и како природен врв на една долга револуционерна борба и како почеток на оној голем чекор со кој човекот што го прави сака да го оствари својот идеал.

Време, - кратко за да се изрази зрелоста на еден човек, време - достатен доказ за зрелоста и креативната моќ на еден народ. Никој пред дваесет и пет години не можеше ни да помисли дека под двеипол децении под ова поднебје ќе се создаваат такви вредности пред кои светот ќе застанува за да ги прифати како достигања што не доаѓаат од глув колосек и од пресушен вруток.

Само идниот историчар ( наспроти нашиот одговор,
иако
~~микар~~ и објективен, иако и непристрасен, но неизбежно парцијален), ќе може да даде целосен суд за оној феномен што обично го именуваме како современа македонска уметност, и да го објасни дефинитивно.

Но едно и денес е јасно: творечките импулси чиј замав сега тешко може да се предвиди и измери и чија енергија носи силен индивидуален печат, не можеме да не ги побараме во онаа борба, во онаа револуција и во актите на таа револуција што означуваат вистински почеток на патот кон смислата на човековото постоење.

Изложбава што сака да го привлече вашето внимание е врзана за таа борба на нашиот народ, во чест на Првото заседание на АСНОМ.

Педесет и осум одбрани експонати од триесет и шест ликовни уметници нудат богато уметничко доживување и една широка скала на ликовно компонирање и изразување.

Неколку генерации ликовни уметници го усмеруваат својот творечки напор кон темата борба, револуција, АСНОМ. Од оние што им биле современици на настаните, преку оние што ги гледале со детски очи, па се до најмладите за кои сознанијата за тие настани доаѓаат од страниците на историјата.

Нашата стручна ликовна критика бездруго ќе ни ги посочи сите творечки сензибилитети, ликовни согледувања и проекции на она време за кое се врзува оваа изложба на македонските ликовни уметници.

Она што нам ни останува, она што нас не возбудува и што не можеме да не го кажеме е фактот дека тоа време се повеќе го гледаме и како уметничка визија и како непресушна инспирација на нашата уметност.

А тоа недвосмислено го покажува и оваа изложба.